Јавно претпријатие за комунални
дејности "Огражден" п.о.

Бр. 03-415/1
19.12. 20 11 год
Босилово

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ БОСИЛОВО ЗА 2011 ГОДИНА

Во текот на 2011 година односно периодот кој постои, дејностите што ќе ги извршува ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово се;

1. Водоснабдување
2. Собирање и транспортирање на комунален отпад
3. Одржување на улично и јавно осветлување
4. Одржување на јавна чистота, зимско одржување со претходно изготвен план и програма од страна на Општина Босилово

## I ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Ќе пристапиме со поголема динамика во делот на приклучувањето на домаќинствата на водоводната мрежа. Моментално во 2010 година на водоводната мрежа има приклучено 1085 приклучока од кои 230 приклучока сеуште не се излезени од самопридонесот, што значи дека на овие домаќинства не се доставува фактура за потрошена вода Во населените места кои имаат изградео водовот со сопствени средства, а со него стопанисува ЈПКД„ОГРАЖДЕН„БОСИЛОВО ги имаме следните приклучоци

-Моноспитово---------420
-Иловица---------------450
-Штука------------------220

Во план е оваа бројка во 2011 година да се зголеми и тоа за 10-20% Исто така во 2011 година ќе се воспостави уште една програмска соработка помеѓу „Хабитат Македонија„ и ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ БОСИЛОВО Хабитат Македонија се согласува да му позајми на ЈП„ОГРАЖДЕН„Босилово програмски средства (заем) со следната намена, да се обезбеди финансирање на овластени приклучоци кон јавната водоводна мрежа за семејства со ниски примања. Програмскиот заем треба да овозможи финансирање на овластени приклучоци кон јавната водоводна мрежа на најмалку 140 домаќинства односно партнерски семејства со ниски приходи.

Приклучоците ќе ѓи изведува и администрира ЛПКД „ОГРАЖДЕН„ БОСИЛОВО и средствата добиени од „Хабитат Мачедонија„ ќе ѓи троши исклучиво за воспоставување на нови приклучоци.
Филтер станица Иловица располага со комплетно стручна екипа и тоа со:
--раководител
--лаборант
--оператори----3 (три)
Бидејќи се чуствува зголелемен обем на работа во план е оваа бројка да се зголеми уште за 4 (четири) оператори, за да се овозможи комплетно покривање 24 часа со производство на вода што сигурно ќе биде потребно во 2011 година. Редовното производство во 2011 година ќе овозможи и редовно снабдување со суровини, материјали, хемикалии за проуводство на вода како и реагенси за испитување, исто така и со резервни делови и мазива за машините и опремата како и подршка на софтверскиот дел од опремата. Притисокот на водата изнесува 4,5-5 бари што значи дека тој притисок ќе го задржиме и во наредната 2011 година.
Во Иловица и Штука за потребите на месното население ќе пуштиме вода и во 2011 година а тоа ќе го направиме кога ќе снема вода од нивниот зафат или тоа ќе го побара самото месно население.

## II СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад се одвива во 10 (десет) населени места во Општина Босилово и тоа во:
--БОСИЛОВО
--ЕДНОКУЌЕВО
--РОБОВО
--ПЕТРАЛИНЦИ
--БОРИЕВО
--МОНОСПИТОВО
--ТУРНОВО
--РАДОВО
--СЕКИРНИК
--СТ. БАЛДОВЦИ

Опфатени се вкупно 1756 физички и правни лица. Во 2011 година се планира да се опфатаат сите домаќинства и правни лица во Општина Босилово од кои ќе се собира комуналниот отпад. Ќе дојде до зголемување на квалитетот на услугата кај корисниците со тоа што че се набават уште возила кои се потребни за таа намена. Услугата се извршува со две екипи и тоа едната екипа е возач на трактор со двајца утоварувачи и втората екипа е возач на камион со двајца утоварувачи. Во 2011 година доколку дојде до зголемување на обемот на работа се планира да се направаат уште две екипи кои ќе го собираат комуналниот отпад. Секое домакинство сопствениот отпад го депонираат во буриња, од каде комуналното претпријатие поминува со трактор или камион наменет за таа работа и го подига носејки го одредената локација утврдена од страна на Советот на Општина Босилово. В општината не се врши селектирање на отпадот согласно законските одредби. Тоа се должи пред се на несоодветната стручна и техничка опременост како на комуналното претпријатие така и на Општината.

## III ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО И ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Уличното и јавно осветлување ќе се одржува во исправна состојба и во 2011 година. Од постоечките 981 улучно место тој број во 2010 се зголеми на 1282 или во процент тој изнесува 30,68% Поставени се 301 нови улични форели. Со таков интезитет ке продолжиме и во 2011 година што значи дека на секое место каде има потреба од осветлување ќе поставиме нови улични светилки. Покрај поставувањето на нови улични светилки ќе вршиме и одржување на постојаните со нивна замена. За нормално да се одвиваат овие работи потребно е набавка на возило кои планираме во почетокот на 2011 година да го набавиме. Покрај возилото ќе се набави и потребниот алат и опрема. Работата ќе ја извршува еден електричар и негов помошник.

## IV ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОЌА, ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ СО ПРЕТХОНО ИЗГОТВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

1. Одржувањето на јавната чистота на јавните површини во општината го врши ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ БОСИЛОВО
И во 2011 година секојдневно ќе ги чистиме тротоарите и паркинзите на главната улица почнувајќи од општинската зграда па се до училиштето „ Гоце Делчев„ Босилово и тоа како во летниот период така и во зимскиот.
-два пати неделно косење на тревата пред општинската зграда
-во останатите населени места јавните површини и улици ќе се чистат еднаш неделно.
-во сите населени места во текот на 2011 година и тоа во месеците Април-Мај и Септември-Октомври ќе се врши врши сечење на гранки од дрвјата покрај патот и чистење на банкините од обрасната трева кои сметаат на локалните патишта.
За одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се поставаат садови-корпи за фрлање на отпадоци. Во општинскиот центар и во централните делови на населените места ќе се поставаат контењери како канти од 120 литри.
2. За нормално одржување на сообраќајот на локалните патишта во зимски услови при врнежи на снег и голомразица потребно е зимско одржување. Одржувањето ќе се одвива со машинско чистење на снегот од коловозите и со расфрлање на сол и песок, како и рачно чистење на одредени места.

ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ БОСИЛОВО
Дир. Тони Гражданлиев